Врз основа на одредбите од Законот за здруженија и фондации (Сл.Весник на РМ бр.52/10 и бр. 135/11) Собранието на Друштвото за филмски работници на Македонија Скопје, на седницата одржана на ден 09.03.2016 година го донесе следниот:

С Т А Т У Т
НА ДРУШТВОТО НА ФИЛМСКИ РАБОТНИЦИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДНИЈА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

ДРУШТВОТО НА ФИЛМСКИТЕ РАБОТНИЦИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (во понатамошниот текст - **Друштво**) е здружение на граѓани формирано со слободно здружување на филмски работници кои работат во Република Македонија и се темели на важноста на заедничкото дејствување во насока на остварување на заедничките професионални цели и интереси утврдени со овој Статут.

Член 2

Со Статутот на Друштвото на филмските работници на република Македонија се уредуваат:

- името и седиштето;
- целите на Друштвото;
- дејностите со кои се остваруваат целите;
- условите и начинот на зачленување, и престанок на членувањето во Друштвото;
- правата, обврските и одговорностите на членовите;
- видот на органите на Друштвото и нивниот состав, начинот на избор и разрешување на нивните членови, траење на мандатот на членовите во органите и начинот на одлучување;
- застапувањето по закон;
- внатрешните организациони форми на Друштвото;
- начинот на располагање и стекнување со средствата;
- начинот на донесување на финансиски и други извештаи;
- начинот на остварување на јавност и отчетност во работата;
- начинот на донесување, изменување и дополнување на статутот;
- начинот на донесување на други акти;
- начинот на одлучување за статусни промени и престанок на здружението;
- начинот на донесување на планови и програми;
- постапување со средствата и имотот во случај на престанок на здружението;
- знакот и амблемот на здружението;
- судир на интереси;
- начин на разрешување на спорни прашања и
- други прашања од значење за работата на Друштвото.

Член 3

Друштвото на филмските работници на Македонија има својство на правно лице. Друштвото одговара за своите обврски со целиот свој имот и средства.

II. НАЗИВ, СЕДИШТЕ И ДЕЈНОСТ

Член 4

Целосниот назив на Друштвото гласи:
Друштво на филмските работници на Република Македонија Скопје.

Скратениот назив на Друштвото гласи :
ДФРМ Скопје.

Името на Друштвото на англиски јазик гласи: Macedonian Film Professionals Association Skopje. Скратеното име на Друштвото на англиски јазик е MFPA Skopje.

Член 5

Седиштето на Друштвото е во Скопје, на адреса: ул. "8-ми Март" бр 4, 1000 Скопје, Република Македонија.

Член 6

Претежната дејност на друштвото со која ќе ги остварува своите цели и задачи е:

94.99 Дејности на други организации врз база на зачленување неспоменати на друго место.

III. ПЕЧАТ, ШТЕМБИЛ И АМБЛЕМ

Член 7

Друштвото има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен и во него е втиснат текстот: Друштво на филмски работници на Македонија – Скопје. Во средината е втиснат амблемот на Друштво.

Штембилот на Друштвото е правоаголен, со текст кој го содржи името и амблемот на Друштвото.

Друштво има свој амблем.

III. НАЧЕЛА НА ДРУШТВОТО

Член 8

Друштвото делува на територијата на Република Македонија и е независно, самостојно, невладино, непартиско и непрофитно здружение на филмски работници.

Друштвото може да со одлука донесена од страна на највисокиот орган да членува или да соработува на друг начин со домашни или меѓународни организации со слични интереси, а со цел остварување на основните цели на Друштвото доколку тоа не е спротивно на Уставот, закон или Статутот и другите акти на Друштвото.

Член 9

Друштвото може да се поврзе или здружи во сојуз или друг облик на поврзување или здружување, а со цел да ја унапреди својата работа и активност за остварување на други цели.

Друштвото може да основа свои огранoци (организациони единици) под услови и начин утврдени со посебна одлука која ја донесува Собранието на Друштвото.

Член 10

Работата на Друштвото е јавна. Принципите на јавност и транспарентност Друштвото ги остварува преку:

- објавување на статутите, правилниците и другите акти на Друштвото во согласност со Статутот;

- редовно информирање на членовите за сите облици на работење, со овозможување увид во спроведувањето на програмските задачи и активности преку поднесување;
- на извештаи за работата на органите и телата на Друштвото и за целокупното материјално и финансиско работење;
- редовно известување и доставување на материјали на членовите низ средби и состаноци, со посредство на електронска пошта и со објавување преку официјалната веб-страница на Друштвото согласно овој Статут.

Друштвото го подготвува Годишниот финансиски извештај и го доставува до надлежниот орган во согласност со Закон, а го објавува и на својата веб-страна за да биде достапен за јавноста.

Извештаите од став 1 од овој член Друштвото ќе ги објавува најдоцна до 30 април за претходната година.

Друштвото може да ја информира пошироката јавност за својата работа и активностите преку средствата на масовните медиуми, со испраќање на дописи, одржување конференции за новинари и слично.

Член 11

Друштвото на филмски професионалци на Македонија е основано 21.05.1950 година, на неопределено време.

IV. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ДРУШТВОТО

Член 12

Основните цели на Друштвото се остварување и заштита на правата и интересите на македонските филмски професионалци кои делуваат на територијата Република Македонија и во странство, како и обезбедување континуиран развој на филмската дејност, стимулирање и унапредување на филмската професија, промоција на филмската уметност и култура.

Цели и задачи на Друштвото се:

- Обезбедување континуитет во филмското творештво во Република Македонија;
- Зголемување на квалитетот и квантитетот на филмската продукција во Република Македонија;
- Проширување на соработката со сродни интернационални организации и институции во насока на остварување на повисоко ниво на основните цели на Друштвото;
- Интернационално промовирање на македонската кинематографија;
- Поттикнување и промовирање на креативната слобода и квалитетот на филмското творештво;
- Промовирање и афирмирање на филмската професија, уметност и култура;
- Заземање свое место во формирањето на стручните и јавните ставови за реалната состојба на кинематографијата во Македонија и надвор;
- Покренува иницијатива за членување на преставник на Друштвото во Управниот Одбор на НУ Филмски Фонд на РМ, Управниот Одбор на Кинотека на Македонија, Совет за култура при Министерството за Култура на Република Македонија, работни тела, комисии, како и сите други релевантни органи и институции, организации и манифестации директно или индиректно поврзани со областа на делување на Друштвото;
- Го организира Фестивалот на филмска камера „Браќа Манаки“ и како негов основач се грижи за неговиот континуитет и за доследно остварување на целите на Фестивалот одредени со Правилникот, како и за реализација на неговите програмски активности;

RN

- Избира Македонски кандидат за наградата Оскар на Американската академија за уметност за најдобар филм од неанглиско говорно подрачје
- Унапредување и проширување на професионалните капацитети на филмскиот кадар
- Преземање активности и иницијативи за навремено информирање за најновите технички и технолошки достигнувања во областа на филмската дејност и охрабрување и поттикнување за нивно применување
- Зачувување на достоинството и угледот на филмските професионалци;
- Се залага за заштита на професионалните права на филмските професионалци согласно закон;
- Покренување иницијатива за заштита на филмските професионалци од нелојална конкуренција за проекти поддржани од буџетски средства, преку предлагање првенствена деловна соработка со членовите на Друштвото, по пат на склучување на Договор, а особено кога филмскиот проект е финансиран (целосно или делумно) од Филмскиот фонд на РМ;
- Следење на состојбата и споведување на истражувања од областа на филмската професија;
- Покренување иницијативи и активности кои придонесуваат за развој и унапредување на филмската уметност;
- Доставување предлози и сугестии до надлежните органи и организации за развој и унапредување на оваа активност;
- Развивање на разновидни активности со кои се остваруваат и задоволуваат културни, стручни, технички, образовни и други интереси;
- Подготовка на проекти од едукативен карактер, како предавања, семинари, работилници, обуки и слично, кои вклучуваат стручни домашни и странски предавачи
- Издавање на брошури;
- Покренување на иницијативи кај надлежните органи и институции во насока на остварување на целите и задачите на Друштвото;
- Активно учество во предлагањето и донесувањето, унапредувањето, изменувањето и дополнување на законски акти што се однесуваат на филмското производство, статусот на филмското творештво и на се што спаѓа во доменот на делување на Друштвото;
- Покренување иницијативи за донесување и дополнување на други прописи инормативни акти од областа на филмот и други облици на дејствување;
- Иницира законска заштита која го регулира пензиското, инвалидско и здравственото осигурување на слободните филмски професионалци;
- Предлага кандидати од сферата на филмската уметност за национални и меѓународни награди од областа на културата;
- Дава мислења и ставови за финансиски поддржаните проекти и програмите од областа на културата;
- Организирање на филмски ревии, презентации, промоции, изложби, семинари, работилници, предавања;
- Преземање на сите потребни мерки и активности во насока на остварување на целите и задачите на здружувањето.

Член 13

Целите и задачите ги остварува преку:

- Соработка и членување во синдикатите што ги опфаќаат филмските работници во Република Македонија;
- Соработка со други владини и невладини, образовни, стручни и научни институции за развој на филмското творештво во земјата и странство;

- Соработка и членување во меѓународните асоцијации и синдикати, како и со асоцијации на одделни земји;
- Активна соработка со други исти или сродни здруженија во земјата и странство, како и учество на манифестации, акции и фестивали кои се од заеднички интерес;
- Обезбедување материјална помош на филмските работници кои ќе можат да се користат со акт на Управниот одбор на Друштвото;
- Развивање на соработката на професионалната и колегијалната солидарност меѓу членовите на Друштвото;
- Организирање на стручни и научни собири и поттикнување на стручната и професионална едукација;
- Обезбедување на правна помош и застапување во заштита на правата на филмските работници.

Член 14

Заштитата на слободата, правата и интересите на филмските работници, Друштвото ги остварува и преку:

1. Јавен протест;
2. Информирање на домашните и меѓународните организации, институции и медиуми;
3. Повик на штрајк.

Постапката за преземање на мерките под 1, 2, 3 се регулира со посебен акт на Управниот одбор.

Член 15

Програмата и дејствувањето на Друштвото не можат да бидат насочени кон:

- насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија;
- потикнување и повикување на воена агресија и разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост;
- преземање активности поврзани со тероризам или активности кои се спротивни на Уставот или закон и ги повредуваат слободите и правата на други лица.

Член 16

Во остварување на своите цели Друштвото ќе се залага за професионалните и за материјалните интереси на филмските работници да се заштитат со актите и договорите со работодавачите, а на национално ниво со склучување на колективен договор со Владата и со работодавачите преку иницирање на постапка кај синдикална организација.

Член 17

Друштвото своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со одредбите на Уставот на Република Македонија, законите и Статутот.

V. УСЛОВИ И НАЧИН НА ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ДРУШТВОТО

Член 18

Членувањето во Друштвото е доброволно.

Членови на друштвото можат да бидат филмски работници и физичките лица кои не се занимаваат активно со филм, но учествуваат повремено во работата на филм.

Основачите на Друштвото се полноправни членови на Друштвото.

Член 19

Филмски работник е секое физичко лице кое учествува во процесот на креирање на едно филмско или друго аудио-визуелно дело на било која авторска или техничка позиција, во согласност со одредбите на овој Статут, Кодексот на професии на Друштвото и останатите правилници и акти на Друштвото.

Член 20

Член на здружението може да биде секој филмски работник кој има едно од звањата добиени врз основа на Кодексот на Друштвото:

- сценарист, драматург;
- режисер, помош ник на режисер, прв асистент на режисер, секретар на режисерот;
- директор на фотографија, снимател на игран филм (швенкер), снимател на краток филм, прв асистент на снимател (шарфер), втор асистент на снимател, снимател на трикови, главен осветлител (мајстор на светло), осветлител, филмски фотограф, фарист;
- сценограф, сценограф на филмската опрема, филмски архитект, асистент на сценограф, асистент на сценограф на филмска опрема, изведувач на градба (објекти), мајстор на специјални ефекти, пиротехничар (асистент на мајсторот на специјални ефекти), оружар, реквизитер набавувач, сликар на декорот, филмски декоратор, сценски работник, сценски реквизитер;
- костимограф, асистент на костимограф, гардеробер, помошник гардеробер, изведувач на костими;
- сликар на маски, маскер, помошник маскер (шминкер) перикер;
- композитор, монтажер на звук, музички соработник, изведувач на звучни ефекти;
- тонски снимател, асистент на тонски снимател;
- монтажер, асистент на монтажер;
- директор на филм, помошник директор на филм, водач на снимање, организатор, помошник организатор, секретар на филмска екипа, организатор на пласман во производната организација, продуцент и извршен продуцент;
- сценарист на анимиран филм, режисер на анимиран филм, главен цртач, главен аниматор, сценограф (сликар на позадини), фазер, колорист, копист, аниматор на филм со кукли, организатор на анимиран филм, трик - снимател, изведувач на тонски ефекти.

Член 21

Малолетно лице со наполнети 14 години се зачленува во Друштвото со давање потпишана изјава со согласност на неговиот законски застапник за зачленување во Друштвото во согласност со Закон.

Лицата со ограничена деловна способност или лицата на кои им е одземена деловната способност може да бидат членови на Друштвото со давање потпишана изјава за согласност на неговиот законски застапник за зачленување во Друштвото во согласност со Закон.

Член 22

Друштвото води Регистар на членови и евиденција на членовите на органите којшто е јавен и се објавува на официјалната веб-страна на Друштвото www.dfrm.org.mk.

Податоците за регистарот на членовите Друштвото ги ажурира најмалку еднаш на 2 (две) години.

Друштвото ја гарантира анонимноста на личните податоци на членовите, кои тоа го побарале.

Личните податоци се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани податоци.

Член 23

Членовите на Друштвото може да имаат статус на редовен член, вонреден член, почесен член и кандидат за членство.

Член 24

Статусот на редовните, почесните, вонредните членови и кандидатите за членови, правата и обврските како и условите за стекнување на овој статус, и висината на членаринатa, дополнително се уредуваат со Правилник за членство и членарина.

Член 25

Членовите на Друштвото ги избира Собранието на Друштвото со писмен предлог на Управниот Одбор согласно постапката на избирање уредена во Правилникот за членство и чланарина.

Член 26

Членството во Друштвото престанува доброволно или по одлука на Собранието под услови одредени во Правилникот:

- Со доброволно излегување од Друштвото и враќање на членската легитимација;
- Заради неплаќање членарина;
- Со исклучување поради неизвршување на првата и обврските предвидени со членство во Друштвото;
- Поради промена на професија;
- Смрт на членот;
- Престанок на Друштвото;
- и други причини предвидени со Правилникот за членство и чланарина.

Член 27

Начинот за повторно стекнување на членството кое престанало заради неплаќање на чланаринатa и ослободување од плаќање на чланарина е уреден со Правилникот за членство и чланарина.

VI. ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

Член 28

Членовите на Друштвото имаат право :

- да бираат и да бидат бирани во органите на здружението;
- да учествуваат во донесувањето на одлуките на Собранието на Друштвото;
- да бидат информирани за работата на Друштвото;
- да изнесува мислења и ставови за работата на органите и телата на Друштвото;
- Да поседува членска легитимација на Друштвото;
- Да ја користи правната помош што ја обезбедува Друштвото преку ангажирање на адвокат;
- Да ги користи бенефициите што ги овозможува Друштвото;
- Да има право на првенство за ангажирање во проекти на Друштвото;
- Да ја користи стручната помош што ја обезбедува Друштвото.

Член 29

Членовите на друштвото ги имаат следните обврски :

- Совесно да ја извршува својата должност во рамките на својот капацитет, секогаш во согласност со општо прифатените професионални норми и стандарди;

- Да не потпишува Договор за ангажман спротивно на Кодексот на Друштвото;
- Да се придржуваат кон одредбите на Статутот, правилниците и останатите акти на Друштвото;
- Активно да учествува во работата како и во остварувањето на целите, задачите и одлуките на Друштвото;
- Да зема_учествува во активностите кои Друштвото ги организира ;
- Редовно да ја плаќа членарината;
- Да бидат солидарни кон другите членови;
- Да придонесува кон заложбите на Друштвото за афирмација на македонскиот филм и неговите вредности;
- Да влијае на условите на производството, прометот, и прикажувањето на филмовите и да дејствува во смисла на остварување на заедничките интереси на сите сегменти на македонската кинематографија;
- Да ги поддржува и да помага во оформувањето и школувањето /едуцирањето_ на новите_кадри_од поновите генерации.

Член 30

Непочитувањето на обврските предвидени во овој Статут се смета за прекршок на нормите на професионалното однесување и претставува причина за исклучување од членството на Друштвото.

Член 31

Членовите на органите на Друштвото одговараат лично и неограничено за нивните обврски кон Друштвото, за злоупотреба на средствата на Друштвото, за постигнување цели што за нив како поединци се забранети или за злоупотреба на Друштвото како правно лице за да им нанесат штета на своите доверители.

За своите постапки членот е одговорен пред Собранието на Друштвото како негов највисок орган.

Член 32

Членовите на органите на Друштвото и нивните застапници по закон се одговорни солидарно за штетата на Друштвото предизвикана од нивната работа, ако таа е предизвикана со грубо невнимание или со намера да се предизвика штета, освен во случаите кога во одлучувањето го издвоиле своето мислење на записник или ако не учествувале во одлучувањето.

Во случај на настаната штета, барањето за надомест на штетата го поднесува Собранието.

VII. ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО

Член 33

Со Друштвото управува членството преку своите избрани претставници во органите на Друштвото.

Член 34

Органи и тела на Друштвото се:

- Собрание;
- Управен одбор;
- Претседател;
- Надзорен одбор;

- Совет на честа;
- Стручна служба;
- Работни групи, комисии и други тела, кои можат да бидат постојани и привремени, а кои се основаат од органите на Друштвото во рамки на нивните надлежности.

Член 35

Права и должности на избраните членови на Органите на Друштвото се:

- Да ги спроведуваат одредбите од овој Статут;
- Да придонесуваат за развојот на Друштвото;
- Да предлагаат и решаваат прашања од заеднички интерес;
- Да работат на спроведување на заедничките и други активности што произлегуваат од Статутот.

VII.1. СОБРАНИЕ НА ДРУШТВОТО

Член 36

Собранието е највисок орган на управување со Друштвото, составено од членовите на Друштвото.

Член 37

Собранието ги има следните надлежности:

- Донесува Статут и врши негови измени и дополнувања;
- Донесува акти, одлуки, заклучоци и препораки за решавање на прашања од работата на Друштвото;
- Донесува Програма за работа за период од 4 години;
- Донесува Деловник за работа;
- Усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај и го објавува на својата веб страница;
- Доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, Општините во Градот Скопје и Градот Скопје во случај кога Друштвото користи средства од буџетот на Република Македонија, односно од буџетите на единиците на локалната самоуправа;
- Одлучува за промена на целта на Друштвото;
- Одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органите на Друштвото;
- Одлучува за формирање на Сектори и го донесува Правилникот за работа на Секторите;
- Предлага и одлучува на кандидати за членови на Управниот одбор, Надзорниот Одбор и Советот на честа;
- Избира и разрешува Претседател на Друштвото и Директор на фестивалот на Филмската камера "Браќа Манаки";
- Одлучува за статусни измени на Друштвото;
- Донесува Правилници за работа на органите на Друштвото;
- Донесува Финансиски план, одлука за располагање со средствата и нивно отуѓување и врши Ревизија за финансиското работење на Друштвото;
- Го разгледува и усвојува извештајот на Управниот одбор, Претседателот, Надзорниот одбор и Советот на честа
- Го усвојува наративниот и финансискиот извештај на Директорот на фестивалот на Филмската камера "Браќа Манаки";

- Востановува признанија и награди по предлог на Управниот одбор, донесува акти со критериуми и постапка за нивно доделување;
- Одлучува за членство во меѓународни организации, за поврзување или здружување во сојуз, а со цел да ја унапреди својата работа и активност за остварување на други цели
- Констатира прием на нови членови и престанок на членувањето;
- Одлучува по жалби;
- Со двотретинско мнозинство од вкупното членство донесува Одлука за престанок на работата на Друштвото;
- Врши други работи во согласност со Статутот и актите на Друштвото.

Член 38

Седница на Собранието свикува Престседателот на Собранието.

Собранието одржува седница најмалку еднаш годишно.

Седницата на собранието се свикува најмалку 15 дена пред нејзиното одржување, со известување за местото и времето на одржување на седницата и дневниот ред.

Седница на Собранието се свикува и по предлог на управниот одбор или на 1/3 од вкупниот број членови на Собранието.

Доколку претседателот во рок од 15 дена од денот на добиениот предлог не свика седница на Собранието, седницата со јавен општ повик до членството ја свикува Управниот одбор, со поддршка од најмалку 2/3 од своите членови или иницијаторите со поддршка од најмалку 20% од членовите на Друштвото.

Собранието може да биде свикано и по предлог на Надзорниот одбор, доколку Надзорниот одбор оцени дека е тоа потребно.

Член 39

Вонредна седница на Собранието може да се одржи по писмено барање на 1/3 од членовите на Друштвото.

Вонредна седница на Собранието се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за одржување.

Член 40

Собранието полноважно одлучува ако се присутни над 50% од членовите на Собранието.

Собранието одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од присутните членови, освен ако не е предвидено поинаку со некоја одредба од овој статут.

Сите одлуки на Собранието се носат со јавно гласање, доколку со овој статут не е определено поинаку.

Седница на Собранието може да биде одржана со присуство и право на гласање на членовите и преку телефонска конференциска врска.

Член 41

Секој член на Собранието на Друштвото има право да предлага кандидати на листата за избор на Претседателот на Друштвото, негов заменик и на членовите на Управниот одбор на Друштвото, членови на Надзорниот одбор и членови на Судот на честа, а за секое место мора да има предложено најмалку двајца кандидати.

За кандидирањето Собранието се изјаснува со јавно гласање, според редот како се дадени предлозите.

Избирањето на членовите на органите на Друштвото се врши со тајно гласање.

Член 42

Собранието на кое се врши избор на органите на Друштвото избира Изборна комисија од три члена, записничар и двајца оверувачи на записникот.

Член 43

Собранието може да расправа и да донесува одлуки само за работите и прашањата за кои е свикано.

Член 44

Писмените материјали кои ќе се разгледуваат на седницата на Собранието, на членовите на Друштвото им се даваат на увид најмалку 7 дена пред одржување на седницата.

Член 45

За работата на Собранието се води писмен записник кој се чува во архивата на Друштвото и е достапен за сите членови на Друштвото.

Член 46

Собранието може да работи и донесува одлуки без присуство на членовите. Иницијативата за одржување на Собрание без присуство на членовите се уредува со Деловникот за работа на Собранието на Друштвото.

Член 47

Правата, должностите и одговорностите на Собранието во итни случаеви ги врши Управниот одбор на Друштвото, при што има обврска на првата наредна седница на Собранието да поднесе извештај за превземените активности.

Член 48

Начинот на свикување на седницата на Собрание на Друштвото и други прашања од работата на Собранието се уредува со Деловникот за работа на Собранието на Друштво што го подготвува Управниот одбор на Друштвото, а го донесува Собранието на Друштвото.

VII.2. УПРАВЕН ОДБОР НА ДРУШТВОТО

Член 49

Управниот одбор е колективен извршен орган на Собранието.

Управниот одбор има 11 членови.

Мандатот на членовите на Управниот Одбор трае 4 години, со можност за повторен избор.

Член 50

Управниот одбор го сочинуваат Претседателот на Друштвото, Генералниот секретар, по еден претставник од секој сектор кои се вкупно 6 сектори и три члена со редовен статус избрани од Собранието со тајно гласање.

Претседателот на Друштвото е Претседател на Управниот Одбор.

Член 51

Управниот Одбор се состанува по потреба, а најмалку 4 пати годишно.

Седницата на Управниот Одбор ја свикува Претседателот на Друштвото, а во негово отсуство по потреба се свикува по барање на најмалку 5 члена на Управниот Одбор.

Одлуките на Управниот одбор се полноважни ако за нив гласало мнозинството од вкупниот број на членовите на Управниот одбор.

RN

Член 52

За својата работа Управниот Одбор одговара пред Собранието на Друштвото.

Член 53

Управниот одбор ги има следните права, должности и одговорности:

- Ги спроведува статутарните и програмските задачи на Друштвото како и одлуките и заклучоците на Собранието;
- Управува и одговара за управувањето со имотот на Друштвото;
- Остварува меѓународна соработка на Друштвото;
- Ги подготвува и предлага работните програми на Друштвото;
- Ја реализира мандатната програма, како и тековната Годишна програма за работа на Друштвото, кои се донесени од Собранието;
- Подготвува предлог Статут и други акти на Друштвото и предлага измени и дополнувања на истите;
- Ги подготвува Правилниците за работа на Друштвото.
- Свикува седница на Собранието на Друштвото, во согласност со Статутот;
- Ги подготвува седниците на Собранието, материјалите за тие седници и ги усвојува соодветните предлози за седниците на Собранието;
- Формира свои постојани и повремени помошни тела како што се: стручна комисија, статутарна комисија, одбори и слично и ја насочува нивната работа и врши контрола врз истата;
- Подготвува и поднесува до Собранието, Финансиски план и Завршна сметка на Друштвото и го доставува Финансискиот извештај до Собранието;
- Подготвува годишен извештај за својата работа;
- Донесува одлуки за прифаќање спогодби и склучување договори;
- Донесува Одлука за висината на членаринатa;
- Донесува предлог за прием и престанок на членството во Друштвото;
- Донесува одлуки за набавка и отуѓување на основни средства за работа на Друштвото, за печатење стручна литература и за други потреби;
- Одлучува за доделување на награди и признанија;
- Одлучува за организирање и учество во проекти како и организирање на акции, манифестации и фестивали;
- Донесува и други одлуки што ќе произлезат од тековното работење.

Член 54

Управниот одбор или негов член можат да бидат отповикани-разрешени од функцијата и пред истекот на периодот за кој се именувани со одлука на Собранието и тоа:

- по сопствено барање;
- поради смрт или трајна спреченост;
- несоодветно извршување на поставените обврски;
- непридржување кон одлуките на органите и Стаутот на Друштвото и
- одлука за разрешување донесена од Собранието.

Член 55

Начинот на работењето, носење на одлуки и други прашања поврзани со работата на Управниот Одбор подетално се уредуваат со Правилник за работа на Управниот Одбор.

VII.3. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ДРУШТВОТО

Член 56

Претседателот на Друштвото е законски застапник на Друштвото кој е овластен за застапување и претставување на Друштвото.

Претседателот на Друштвото е претседател на Собранието и претседател на Управниот одбор.

Претседателот го избира Сорбанието за период од 4 години со право на повторен избор.

Член 57

Кандидатот за Претседател на Друштвото мора да ги исполнува следните критериуми:

- Високо образование или 5 години редовно членство;
- Професионално филмско искуство од најмалку 3 играни филмови;
- Познавање на најмалку еден од светските странски јазици.

Член 58

Претседателот ги има следните права, должности и одговорности:

- Го претставува и го застапува Друштвото;
- Ги свикува и претседава со седниците на Управниот Одбор и на Собранието;
- Ги спроведува одлуките, ставовите, заклучоците и препораките на Собранието на Друштвото и на Управниот Одбор;
- Ги потпишува актите што ги донесува Собранието, Управниот Одбор и другите акти што ги склучува Друштвото;
- Ги прогласува наградите и признанијата на Друштвото;
- Потписник е на сметките на Друштвото;
- Врши контрола на целокупното работење на Фестивалот на филмската камера "Браќа Манаки";
- Врши и други работи што ќе му ги додели Собранието и Управниот Одбор, во согласност со Статутот и другите општи акти и превземени обврски на Друштвото.

Член 59

За својата работа Претседателотот одговара пред Собранието на Друштвото.

Член 60

Правата и обврските на застапникот на Друштвото ги врши во согласност со Законот, статутот и актите на Друштвото.

По негово овластување или во случај на спреченост Друштвото го претставува член на Управниот одбор кошто го избира Собранието.

Член 61

Функцијата Претседател на Друштвото престанува :

- со сопствено барање;
- поради смрт или трајна спреченост за вршење на дејноста;
- несоодветно извршување на поставените обврски;
- непридржување кон одлуките на органите и Стаутот на Друштвото и
- со разрешување од страна на Собранието.

VII.5. НАДЗОРЕН ОДБОР НА ДРУШТВОТО

RP

Член 62

Надзорниот одбор брои 5 члена кои од редовните членови на Друштвото ги избира Собранието на Друштвото.

Членовите на Надзорниот одбор од својот состав избираат Претседател на Надзорниот одбор.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор е 4 години, со право на повторен избор.

Членовите во Надзорниот одбор не може да бидат членови во другите огранu на Друштвото.

Член 63

Претседателот на Надзорниот Одбор присуствува на седниците на Управниот Одбор, а на седниците на Собранието покрај Претседателот присуствуваат и другите членови на Надзорниот Одбор.

Член 64

Надлежности на Надзорниот одбор:

- Врши контрола врз примената на Статутот и другите општи акти на Друштвото;
- Врши контрола на остварување на правата и извршување на обврските од страна на членовите на Друштвото;
- Врши контрола врз материјално-финансиското работење на Друштвото;
- Врши контрола врз наменското располагање со средствата и приходите на Друштвото;
- Врши контрола на плаќањето на членарина и начините за утврдување на висината на членаринатa;
- Предлага соодветни мерки и решенија за работењето на Друштвото пред Собранието и Управниот Одбор на Друштвото;
- Најмалку еднаш годишно до Собранието на Друштвото поднесува извештај за своите наоди и одлуки;
- Врши контрола на работата на органите на Друштвото и
- Врши други работи регулирани со Статутот и други акти на Друштвото.

Член 65

За својата работа Надзорен Одбор одговара пред Собранието на Друштвото.

VIII.6. СУД НА ЧЕСТА

Член 66

Советот на честа е орган на Собранието и брои 5 членови кои ги избира Собранието на Друштвото од редовните членови на Друштвото.

Членовите на Советот на честа од својот состав избираат Претседател.

Мандатот на членовите на Советот на честа е 4 години, со можност за повторен избор.

Член 67

Надлежности на Судот на честа:

- се грижи за развивање, остварување и зајакнување на добрите деловни обичаи и деловниот морал
- решава за спорови настанати помеѓу членовите на Друштвото
- решава за спорови настанати помеѓу членовите и Друштвото
- до Собранието доставува Заклучок за констатирани повреди – кршење на одредбите од Статутот и Кодексот на Друштвото

Врши други работи регулирани со Правилникот за работа на Советот на честа.

Член 68

Советот на честа може да изрече опомена како мерка за повреди на професионалните и моралните норми.

Член 69

Судот на честа расправа и одлучува на седница во полн состав.

Постапка пред Судот на честа може да поведе секој член на Друштвото и сите тела на Друштвото, ако е во прашање рушење на статутарните норми и Кодексот на Друштвото.

Одлуките на Советот на честа се доставуваат во писмена форма, а ја потпишува Претседателот и сите членови на Советот на честа.

Жалба на Одлуката на Советот на честа се доставува писмено во рок од 30 дена од донесување на Одлуката преку Управен Одбор до Собранието на Друштвото, кое ја донесува конечната Одлука.

Член 70

Судот на честа поднесува годишен извештај за својата работа до Собранието на Друштвото.

Член 71

Организацијата и работата на Судот на честа се уредува со акти што ги донесува Управниот одбор на предлог на Советот на честа.

IX. СТРУЧНА СЛУЖБА НА ДРУШТВОТО

Член 72

За извршување на административни стручни, технички и помошни работи за извршување на задачите и целите на Друштвото се организира стручна служба.

Со работите на стручната служба раководи Секретар на Стручната служба, избран од Управниот Одбор, со статус на вработено лице во Друштвото.

Член 73

Делокругот на работата на Стручната служба е да ги врши стручните, организационите и административните работи на Друштвото, ги сервисира органите на Друштвото и ја администрира политиката и програмите одобрени од Друштвото.

Член 74

За својата работа и работата на Стручната служба, Секретарот е одговорен пред Управниот Одбор.

Член 75

Организацијата и работата на Стручната служба се уредува со акти што ги донесува Управниот одбор.

X. СЕКТОРИ НА ДРУШТВОТО

Член 76

Заради подобра координација и професионална застапеност на интересите и правата на специјализирани групи филмски професионалци, како и за размена на искуства и заедничко дејствување во областите на својата професионална специјализираност, во Друштвото се основаат Сектори на филмски професионалци.

Член 77

Одлука за формирање на Сектори донесува Собранието на Друштвото.

Член 78

Секој Сектор има свој претставник – член во Управниот Одбор.

Член 79

Секторот на филмски професионалци може да предлага активности и иницијативи до Управниот одбор и до Советот на честа на Друштвото.

Член 80

Во рамките на Друштвото делуваат 6 сектори кои го сочинуваат филмски работници од исти или приближно исти звања и тоа :

- Сектор на режија;
- Сектор на продукција;
- Сектор на сценографија и костимографија и шминка;
- Сектор на монтажа и тон;
- Сектор на анимиран филм;
- Сектор на камера.

Член 81

Организацијата и работата на Секторите се уредува со Правилници што ги донесува Собранието на предлог на секој од секторите.

XI. КЛУБ НА ФИЛМСКИ АВТОРИ

Член 82

Во рамките на Друштвото делуваат Клуб на филмски автори.

Клуб на филмски автори го сочинуваат најмалку 12 членови на Друштвото кои се автори или продуценти, во согласност Закон и Кодексот на звања на Друштвото.

Член 83

Членовите на Клубот на филмски автори дискутираат за состојбите на филмската уметност и развиваат стратегија за подобрување, развој на македонската кинематографија.

Член 84

Со Клубот раководи Претседател кој ги свикува и води седниците на Клубот. Седниците се одржуваат најмалку еднаш годишно, а по потреба може да се свика и почесто.

Член 85

Членството во Клубот може да престане доброволно и со одлука на Собранието по писмен предлог на Управниот Одбор.

Член 86

Начинот и критериумите кои треба да ги исполнуваат членовите на Клубот и други прашања поврзани со работата на Клубот се уредени со Правилник за работа на Клубот на филмски автори и стручни сектори.

XII. ФИНАНСИРАЊЕ НА ДРУШТВОТО

Член 87

Финансиските средства на Друштвото се употребуваат за остварување за целите на Друштвото определени со Статутот и Програмата за работа.

Член 88

Друштвото средствата за финансирање ги стекнува од:

- членарина;
- котизации за учество на семинари, предавања, работилници што ги организира Друштвото;
- основачки влогови;
- доброволни прилози;
- донации;
- подароци (во пари, добра, имотни права) ;
- завештанија;
- легати;
- дејности со кои се стекнува добивка согласно со Закон;
- кирии и закупнини;
- приходи од инвестиции;
- дивиденди;
- камати;
- заеми;
- средства од буџетот на РМ, буџетите на Општините, Општините во Градот Скопје и Градот Скопје и
- други приходи во согласност со Закон.

За прифаќање на донациите решава Управниот одбор на Друштвото.

Член 89

Членовите на органите на Друштвото и нивните застапници по закон се должни да управуваат и работат со внимание и во согласност со начелата на добро управување, во интерес на Друштвото, а над личните интереси, односно во интерес на остварување на целите, во согласност со Закон и Статутот.

Член 90

Средствата на Друштвото не може да се исплаќаат на членовите, основачите, членовите на органите, застапниците, вработените или со нив поврзани лица, освен во случај кога член на Друштвото е корисник на услугите на Друштвото, во согласност со целите определени со Статутот и Програмата на Друштвото.

Работата во органите на Друштвото е доброволна, а членовите на Друштвото може да примаат надоместок за патни и дневни трошоци како и за вршење на работи во органите во Друштвото во согласност со Закон.

Вработените имаат право на плата и надоместоци, кои ќе бидат исплаќани во согласност со Закон, Колективен договор, и Правилник за исплата на плати и надоместоци на вработените.

Член 91

Користењето и располагањето со средствата на Друштвото се врши на начин утврден со овој Статут, Правилник за финансиско работење и позитивните законски норми.

XII. ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ФЕСТИВАЛ НА ФИЛМСКАТА КАМЕРА "БРАЌА МАНАКИ"

Член 92

Друштвото е иницијатор, основач и организатор на **ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ ФЕСТИВАЛ НА ФИЛМСКАТА КАМЕРА "БРАЌА МАНАКИ" (Во понатамошниот текст - Фестивалот).**

Член 93

Фестивалот е прв и единствен Фестивал на филмска камера во Република Македонија кој е од особено значење за промовирање на филмската уметност и развој на културната политика на Република Македонија.

Член 94

Фестивалот се одржува во градот Битола.

Во одредени случаеви предвидени во Правилникот за ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ ФЕСТИВАЛ НА ФИЛМСКАТА КАМЕРА "БРАЌА МАНАКИ", Управниот одбор на Друштвото може да донесе одлука за одржување во друг град.

Член 95

Фестивалот се одржува секоја година во втората половина на месец септември.

Во одредени случаеви предвидени во Правилникот, Управниот одбор на Друштвото може да го промени датумот на одржување, но најмногу пред истекот на 30 дена пред одржување на Фестивалот.

Член 96

Со фестивалот раководи Директор.

Друштвото го избира Директорот на Фестивалот од своето членство и/или реномиран домашен или странски државјанин докажан во филмскиот свет, со мандат од 2 години со право на повторен избор.

Собранието на Друштвото го врши изборот со мнозинство гласови од присутните редовни членови на Собранието.

Член 97

Сите членови на Друштвото имаат право да аплицираат за Директор на Фестивалот.

Условите за избор на Директор на Фестивалот се утврдени со посебен Правилник на Друштвото, усвоен од страна на Собранието.

XIII. ИЗБОР НА МАКЕДОНСКИ КАНДИДАТ ЗА НОМИНАЦИЈА ЗА НАГРАДАТА ОСКАР

Член 98

Изборот за најквалитетен македонски игран филм во изминатата година за национален претставник за наградата "Најдобар филм од неанглиско говорно подрачје", го врши Друштвото. Начинот и условите за избор се утврдени со посебен Правилник, усвоен од страна на Собранието, а во согласност со условите и правилата на Академијата.

XIV. НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

Член 99

Друштвото по потреба може да формира Комисија за награди и признанија од редовни членови на Друштвото.

Комисијата предлага доделување на награди и признанија до Управниот одбор на Друштвото кој одлучува за нивното доделување.

Организацијата и работата на Комисијата се уредува со акти што ги донесува Собранието по предлог на Управниот одбор на Друштвото.

XI. ПРЕСТАНОК НА РАБОТАТА НА ДРУШТВОТО

Член 100

Друштвото ќе престане да постои, ако е:

- Донесена одлука за престанок на постоење во согласност со Статутот;
- Поминато е двојно повеќе време од времето предвидено за одржување на седница на највисокиот орган, утврден со статутот, а таа не е одржана;
- Во две последователни години не е поднесена завршна пресметка во согласност со закон;
- Статусна измена (присоединување, спојување или поделба на Друштвото со други организации) која предвидува престанок на постоењето на Друштвото во согласност со Законот на Здруженија и фондации(во понатамошниот текст ЗЗФ)
- Со одлука на надлежен суд;
- Стечај;
- Спроведена ликвидацијаво согласност со ЗЗФ и
- Ако бројот на членовите се намали под бројот определен за основање на Друштвото.

Член 101

По законскиот престанок на работа на Друштвото, имотот и средствата што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на легитимен правен наследник, кој дополнително ќе биде определен.

Во спротивност, имотот и средствата се пренесуваат на Општина Центар или Градот Скопје.

XII ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 102

Статутот на Друштвото го усвојува Собранието со двотретинско мнозиство од вкупниот број на членови на Друштвото, а го потпишува Претседателот на Друштвото.

Толкување на одредби од овој Статут дава Собранието на Друштвото, а во периодот помеѓу две собранија ова право го има Управниот одбор на Друштвото.

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и за негово донесување.

Член 103

Сите прашања значајни за организацијата, дејствувањето и работата на Друштвото кои не се регулирани со Статутот, се регулираат со посебни одлуки и Правилници.

Член 104

За се што не е уредено со овој Статут ќе се применуваат одредбите од Законот за здруженија и фондации како и останатите позитивни закони на Република Македонија,

Уставот на Република Македонија и меѓународните правила ратификувани во Република Македонија.

Член 105

Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето, со што престанува да важи Статутот на ДФРМ 05.01.1999 година.

Скопје, 09.03.2012 година

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Роберт Насков

